# Д Е Л О В Н И К

# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА НАДЗОРЕН ОДБОР

Врз основа на член 61 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка и Кодексот за копоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза, Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на седница одржана на 05.01.2026 година, донесе:

ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

член 1

Со овој Деловник се уредува свикувањето на седниците, начинот на работа и организација на работењето и одлучувањето, како и други прашања во врска со работата на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во натамошен текст : Надзорен одбор).

член 2

Одредбите од овој Деловник се задолжителни за членовите на Надзорниот одбор и за другите лица кои учествуваат во работата на одборот.

член 3

Надзорниот одбор работи на седници.

член 4

Надзорниот одбор на банката работи во согласност со важечките законски прописи, Статутот на банката, Одлуките на Собранието на банката, Одлуката за добро корпоративно управување во банка, Кодексот за копоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза, другите акти на Банката, како и овој Деловник.

член 5

Надзорниот одбор на Банката се состои од 6 (шест) членови, од кои двајца се независни.

Собранието на Банката ги назначува и разрешува членовите на Надзорниот одбор.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 (четири ) години сметано од денот на добивање на предходна согласност од Народната банка на РСМ.

член 6

Членовите на Надзорниот одбор на првата конститутивна седница од своите редови избираат Претседател и Заменик претседател.

Првата седница на Надзорниот одбор, до изборот на Претседател и Заменик претседател на одборот, ја свикува и со неа раководи еден од независните член на Надзорниот одбор.

Во случај на престанок на мандатот на претседателот или на заменикот, на наредна седница на Надзорен одбор се врши избор на нов претседател или заменик исто така со мандат додека трае нивниот мандат за член на Надзорен одбор.

Изборот на Претседател и Заменик претседател се врши по пат на јавно гласање, доколку не се одлучи нивниот избор да се изврши со тајно гласање.

Претседателот и Заменик претседателот на Надзорниот одбор се сметаат за избрани доколку за нив гласале мнозинството од членовите на одборот.

член 7

Членовите на Надзорниот одбор треба да избегнуваат судир на интереси и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банките.

Членовите на Надзорниот одбор имаат право и се должни да присуствуваат на седниците на Надзорниот одбор, да учествуваат во работата на Надзорниот одбор, да се запознаат со материјалите за седницата и да ги извршуваат задачите што ќе им ги довери Надзорниот одбор.

член 8

Членовите на Надзорниот одбор се должни да ја чуваат деловната тајна од работењето на Банката, која обврска останува и по престанокот на функцијата на членот во Надзорниот одбор.

Членовите не треба да ги користат правата во случај на заемен интерес или конфликт на интереси, како и во случај на материјален интерес.

член 9

Членовите писмено изјавуваат дека се согласни да ги извршуваат своите обврски совесно, со внимание и во интерес на банката.

Членовите на Надзорниот одбор редовно на полугодишна основа даваат изјава за постоење или непостоење на конфликт на интереси.

## ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

член 10

Надзорниот одбор одлучува по прашања од својот делокруг, утврдени со законските прописи, Статутот на Банката и другите акти на Банката и за други прашања во врска со работата на Банката.

Надзорниот одбор ги врши следните работи:

1) ја усвојува деловната политика и развојниот план на банката;
2) именува и разрешува членови на управниот одбор на банката;
3) именува и разрешува членови на одборот за управување со ризици;
4) именува и разрешува членови на одборот за ревизија на банката;
5) го усвојува финансискиот план на банката;
6) организира служба за внатрешна ревизија;
7) го одобрува годишниот план на службата за внатрешна ревизија;
8) ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;
9) ги усвојува политиките за управување со ризици на банката;
10) усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;

11) усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на банката;
12) донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешувањето на членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија и управниот одбор;
13) ги разгледува извештаите за работењето на управниот одбор на банката;
14) ги разгледува извештаите на одборот за управување со ризици;
15) ги разгледува извештаите на одборот за ревизија;
16) ги разгледува извештаите на службата за внатрешна ревизија;
17) ги разгледува извешатите на лицето/службата за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите;
18) ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на банката;
19) одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од НБРМ;
20) одобрува трансакции со поврзани лица со банката во износ од над 6.000.000,00 денари;
21) го одобрува стекнувањето на капиталните делови и купувањето на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Република Македонија;
22) го одобрува предлогот на одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
23) ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
24) ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народна банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага односно превзема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на банката;
25) го одобрува годишниот извештај за работењето на банката и доставува писмено мислење по истиот до собранието на банката;
26) го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до собранието на акционери;
27) го усвојува кодексот за корпоративното управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на банката;
28) го усвојува етичкиот кодекс на банката;
29) формира Кредитен одбор, го определува бројот на членовите и ги именува членовите од редот на вработените лица во Банката;
30) формира Одбор за наградување, избор и именување од редот на своите членови;
31) формира други одбори, комисии и други тела, коишто му помагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности.
32) врши и други работи во согласност со Статут, и другите акти на Банката и законските и подзаконските прописи.

Надзорниот одбор е должен:

- да е активно вклучен во надзорот над работењето на Банката, да е во тек со значајните промени во нејзиното работење и во нејзиното опкружување и да дејствува навремено за заштита на долгорочните цели на Банката;

- заедно со управниот одбор да воспостави и промовира корпоративна култура и вредности во Банката;
- заедно со Управниот одбор да воспостави систем на внатрешна контрола и да обезбеди целосна независност на функциите на контрола;
- да врши самооценување и оценување на членовите на одборот за управување со ризиците, одборот за ревизија и управниот одбор, согалсно со политиката за начинот на избор, следење на работењето и на разрешувањето на членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија и управниот одбор;
- да ги дефинира правата и одговорностите на законски пропишаните одбори и на управниот одбор, како и да ја дефинира соработката со управниот одбор на Банката;
- заедно со управниот одбор да го утврди прифатливото ниво на ризик, имајќи ги предвид пазарната конкуренција, регулаторните барања, долгорочните цели на Банката, изложеноста на ризиците и капацитеот за преземање на ризици, што опфаќа и усогласеност со прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал и системот на наградување;
- да го воспостави и следи спроведувањето на системот на управување со ризиците, вклучувајќи го и работењето на одборот за управување со ризици;
- да ја воспостави и да го следи спроведувањето на внатрешната ревизија и да го следи работењето на одборот за ревизија;
- да го следи финансиското работење на Банката и начинот на кој се извршува финансиското известување;
- да го следи системот на наградување во банката, да врши оцена дали е во согласност со политиката за наградување, културата за ризик и капацитетот за преземање на ризици на банката и да ја одобри висината на вкупниот надоместок што го добива секој член на управниот одбор и секое од лицата надлежни за функциите на контрола;
- да го следи спроведувањето на интерните акти на Банката за заштитено пријавување;
- да ги разгледува трансакциите со поврзаните лица со Банката;
- да го следи работењето на лицата надлежни за функциите за контрола.

## СВИКУВАЊЕ НА СЕДНИЦА

член 11

Седниците на Надзорниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш квартално.

Седниците се одржуваат по пат на телеконференција, видеоконференција или со физичко присуство.

Седницата може да се одржи и коресподенстски односно да се добијат мислења и согласности за одредена точка од дневниот ред и по телефонска или меил комуникација, за што се формира записник кој го потпишуваат членовите на Надзорен одбор.

Членовите на Надзорен одбор може да учествуваат и одлучуваат на седница, организирана со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио или визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да

разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично присуство на лицата кои се вклучени на овој начин. Учеството на седницата се запишува во записникот на надзорниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествуваат на вака организираната седница.

Седниците на Надзорниот одбор ги свикува Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство Заменик претседателот на Надзорниот одбор.
Седниците се свикуваат и по барање на 1/3 од членовите на Надзорниот одбор во соработка со Управниот одбор на Банката.

член 12

Седниците на Надзорниот одбор се свикуваат со писмена покана (покана по меил), со предлог на дневен ред.
Во поканата се определува денот, времето и местото на одржување на седницата.
Предлогот на дневниот ред за седницата го утврдува Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство Заменик Претседателот, во соработка со Управниот одбор на Банката.

член 13

На седницата на Надзорен одбор по потреба може да се повикуваат и да присуствуваат и членовите на Управниот одбор на Банката.
На седницата може да бидат поканети и вработени од одредени организациони единици во Банката, од чиј делокруг се расправа за определни прашања, како и други стручни лица.

член 14

Материјалите со дневниот ред се доставуваат 3 (три) дена пред одржување на седницата, по електронски пат – меил, а по исклучок истите се доставуваат во пократок рок или на самата седница.

## НАЧИН НА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

## ОТВАРАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

член 15

Седницата на Надзорниот одбор ја отвара и со неа раководи Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство Заменик Претседателот на Надзорниот одбор.
По отварањето на седницата се утврдува дали има мнозинство на членови за полноважна работа на одборот.
Надзорниот одбор полноважно работи ако се присутни мнозинството од вкупниот број на членови и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Доколку на седницата на Надзорниот одбор нема мнозинство за полноважно одлучување, Претседателот, а во негово отсуство Заменик Претседателот истата ја одложува и ќе закаже нова седница.
Ако на седницата на Надзорниот одбор се определи дата за одржување на наредна седница на одборот, присутните членови ќе се сметаат за уредно поканети.
За присутни на седницата се сметаат и членовите кои користат конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со што сите лица кои учествуваат на така организирана седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговарат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

**УТВРДУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД**

член 16

Пред почетокот на седницата на Надзорниот одбор прво се утврдува дневниот ред за седницата.
Дневниот ред за седницата на самата седница може да се измени или дополни.
Надзорниот одбор може да одлучи одредено прашање да се одложи за наредна седница, заради проучување и доставување материјали.

**РАСПРАВА**

член 17

Претседателот или Заменикот Претседател на Надзорниот одбор отвара расправа по точките од дневниот ред.
Разгледувањето на материјалите по правило се врши според редоследот на утврдениот дневен ред.
Во расправата имаат право на учество сите членови на одборот, како и другите поканети стручни лица, но само со цел да дадат појаснување по одредени прашања од дневниот ред.

член 18

Расправата по поедина точка од дневниот ред се води се додека истата не биде завршена.
Претседателот или Заменик Претседателот на Надзорниот одбор ја заклучува расправата по точката откако ќе утврди дека дискусијата е исцрпена, после што го формулираат предлогот за кој треба да се одлучува.

член 19

Во случај на постоење на заемен интерес, конфликт на интереси, како и материјална корист на некој член на Надзорен одбор, а по дадена изјава од членот, истиот ја напушта седницата на одборот и не учествува во расправата и одлучувањето по конкретната точка од дневниот ред.

**ОДЛУЧУВАЊЕ**

член 20

Предлогот кој се става на гласање мора да биде јасно формулиран.
Гласањето се врши јавно, со изјаснување на членовите „за“ или „против “.
Надзорниот одбор може да одлучи за определени прашања гласањето да се спроведе тајно или на друг начин, со која одлука подетално го уредува начинот на спроведување на гласањето.
Предлогот е усвоен ако за него гласале мнозинството од вкупниот број на членови на одборот.
Доколку при гласањето има изедначен број на гласови „за„ и „против„, гласот на Претседателот на Надзорниот одбор ќе се брои како два гласа.

член 21

Донесените одлуки од Надзорниот одбор ги спроведува Управниот одбор на Банката и истиот е должен за навремено спроведување, а во случај на неспроведување го информира одборот.

член 22

Донесените одлуки ги потпишува Претседателот или Заменикот Претседател на Надзорниот одбор.

**ВОДЕЊЕ НА ЗАПИСНИК**

член 23

За текот на седницата на Надзорниот одбор се води записник.
Записникот го води корпоративниот секретар .
Во записникот се внесуваат следните податоци:
- реден број на записникот,
- денот, часот и местото на одржување на седницата на Надзорниот одбор,
- имињата на присутните членови на Надзорниот одбор на седницата, ,
- имињата на другите присутни лица на седницата,
- утврдениот дневен ред,
- кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата/дискусијата;
- прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање;
- најавениот судир на интерес, давањето на изјава за постоење судир на интерес и напуштање на седницата од страна на членот;
- дискусиите и одлуките усвоени на седницата,
- издвоени мислења ако бара некој од членовите.
Донесените одлуки се составен дел на записникот.
Записникот се изготвува во рок од 3 дена од денот на одржувањето на седницата.

**ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ**

член 24

Надзорниот одбор определува корпоративен секретар, кој  му помага на Надзорниот одбор да обезбеди негово ефективно работење и истиот е одговорен за спроведување и подобрување на практиките на корпоративно управување на Банката. Улогата на корпоративниот секретар е:
- да обезбеди организациска и професионална поддршка на Претседателот и на членовите на Надзорниот одбор и на останатите одбори;
- да го советува Надзорниот одбор, Одбор за ревизија и Одбор за наградување, избор и именување  за нивните одговорности и законските обврски;
- да присуствува и да води записник на состаноците на Надзорниот одбор и на останатите одбори;
- да обезбеди правилно спроведување на постапките утврдени во деловникот за работа;
- да му помага на Надзорниот одбор и доколку тоа од него се побара, на управниот одбор, со цел да се подобри ефикасноста и квалитетот на нивната работа, меѓу другото и преку организирање обука за членовите;
- да учествува во организирање на собрание на акционери и да обезбеди постоење на јасна комуникација со акционерите за тоа како тие можат да ги остварат своите права;
- да изготвува одлуки, доставува материјали и одлуки заради реализација на истите, како и да ги уредува и архивира материјалите од седниците и
- да извршува други административни задачи поврзани со корпоративното управување на Банката.

член 25

Записникот од седницата на Надзорниот одбор го потпишуваат сите присутни членови на Надзорниот одбор, како и Корпоративниот секретарот.

член 26

Записникот со актите и материјалите од седницата се чуваат со документацијата на органите  на управување на Банката и се од траен карактер.
Корпоративниот секретар ги чува записниците, актите, материјалите и целокупната документација од одржаните седници на Надзорниот одбор.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

член 27

За применување на одредбите од овој Деловник се грижи Претседателот или Заменикот Претседател на Надзорниот одбор.

член 28

Доколку некои одредби од Деловникот не се во согласност со законските одредби или другите акти на Банката,  ќе се применуваат законските одредби или одредбите од другите акти на банката.

член 29

Измените и дополнувањата на овој Деловник се вршат на начин и постапка како и за неговото донесување.

член 30

Овој Деловник влегува во сила од денот на неговото донесување.